# СООПШТЕНИЕ

Соопштенија за јавност | 19.3.2020

## ПРЕВЕНЦИЈА ОД ШИРЕЊЕ НА КОВИД-19

ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ.82/20-
18.03.2020 година

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Согласно заклучоците на Владата на Република Северна Македонија во врска со спроведување на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста КОВИД - 19 ( Корона вирус), препораките на Министерството за Здравство за воведување на мерки на претпазливост и заштита од Корона вирусот и Одлуката за постапување во услови на зголемена опаснот од вирусот КОВИД -19 донесена од Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-606/1 од 17.03.2020 гоидна и одлуката на Седница на судиите на Основниiот суд Крива Паланка од 18.03.2020 година, ВЕ ИЗЕСТУВА .

Сметано од 19.03.2020 година до следното известување СЕ ОДЛОЖУВААТ закажаните рочишта по предметите на Основниот суд Крива Паланка , со исклучок на рочиштата , расправите и дејствијата по

1. Предмети за кои постои опасност од застарување на кривично гонење .

2. Кривични предмети за кривични дела .

3. Пренесување заразна болест по чл.205 од КЗ.

4.Не постапување според здравствените прописти за време на епидемија по члл.206 од КЗ.

5.Неукажување медицинска помош од чл.208 од КЗ.

6. Спречување службенно лице во вршење на службено дејство по чл.382 од КЗ.

7. Напаад врз службено лице при вршење на работи на безбедност по чл.383 од КЗ.

8. Организирање отпор по чл.387 од КЗ.

9. Судења во кривични предмети кога обвинетиот или дел од обвинетите се во притвор , домашен притвор или спрема кои е изречена некоја друга мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во постапката.

10.Кривични предмети на странките кои немаат живеалиште односно престојувалиште во Република Северна Македонија а се затекнати во Државата.

11.Прекршочни предмети од итна природа

12. Предмети за привремени мерки .

13. Предмети во кои постапката е во фаза на донесување на одлука.

14. Предмети во кои постои опаснот од повреда на принципот на судење во разумен рок.

15. Предмети кои по сила на Закон се итни и

Прием на поднесоци и други работи што се врзани со законски прклузивни рокови.

Потврдите и уверенијата, судот ќе ги издава и странките ќе можат да ги подигнуваат во 15 часот со приложување на доказ за платена судска такса а образецот за издавање на уверенија и сметката за плаќање на судската такса се објавени на веб страната на судот.

За денот и часот на одржување на сите одложени рочишта странките ќе бидат дополнително известени со доставување на покана од страна на судијата кој постапува по секој поединечен предмет.

Нема да биде дозволен влез на неслужбени лица во просториите во Основниот суд Крива Паланка, освен на лицата со уредна покана и претходна најава, поради присуство во судот во врска со означениот вид на предмети од итна природа.

Контролата и легитимирањето на лицата на влезот во Основниот суд Крива Паланка ќе ја вршаат припадниците на судската полиција вработени во Основниот суд Крива Паланка согласно правилата на службата кои што по извршената безбедносна проверка ќе ги упатуваат овие лица во соодвените простории на судот .

Се укажува на лицата кои е потребно да присуствуаат во судот во врска со предметите од итна природа самите да обезбедат соодветна заштитна опрема (ракавици и маска ),со оглед дека Оснвниот суд Крива Паланка врз основа на расположивите средства во овој момент не е во можност заштитната опрема да ја обезбеди и за странките во постапките а на лицата за кои не е неопходно им се укажува посебно да не доаѓаат без оправдана причина во судот.

Основниот суд Крива Паланка укаажува дека ваквите мерки се неопходни за заштита за здравјето и животот на граѓаните во околности кога заштитата почитувањето и унапредувањето на човековите права и основни слободи пртествува една од целите и функциите на судската власт а имајќи го во предвид обемот на работа на Основниот суд Крива Паланка, поголемиот број на судски предмети, близината на граничниот премин и проток на патници кои доаѓаат од странство што доведува до зголемена фреквенција на луѓето во судот и воопшто во градот.

Основниот суд Крива Паланка ќе ја извршува функцијата како сервис на граѓаните на Република Северна Македонија поради што упатуваме и апел во означениот период да се користат и алтернативните начини на комункација со судот ( по пошта) или по електронски пат .

ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
Претседател на судот,
Љубица Цветковска Стојановска